ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БР. 11/2023 МЕНТОР ЗА МЕДИУМИ**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот "Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува повик за набавка за ментор-експерт на локални медиуми.

**Предмет на набавка**

Во рамките на проектот „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" спроведуван од Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје, имаме потреба од ангажирање на ментор -експерт кој ќе овозможи менторска поддршка на локални медиуми.

Во рамките на проектот е предвидена менторска поддршка за локални медиуми кои работат во областите на јавни претпријатија, заштита на укажувачи, антикорупциски практики, локална самоуправа, и транспарентност и отчетност.

Менторот – експерт ќе има обврска да:

- Подготви извештај за процена на постојните организациони капацитети на локалните медиуми кои се дел од менторската поддршка, при што треба да земе во предвид:
    - Можности за подготовка на истражувачка сторија и спроведување на истражување;
    - Можности за соработка со локалниот граѓански сектор и локалните власти и
    - Можност за организација на внатрешните човечки и финансиски капацитети на медиумот.

Извештајот треба да вклучи и анализа на потенцијалните можности за развој која има за цел да даде соодветни препораки за подобрување на капацитетите и поефикасна работа.

Менторот ќе треба да одржи и две онлајн консултативни средби со избраните медиуми, за потребите на изработката на истражувачките стории.

За работата на менторот-експерт се предвидени 5 работни дена распределени во два месеци.

Потребни квалификации на менторот-експерт:

- Универзитетска диплома од додипломски студии од областа на општествените науки. Предност ќе смета магистерски студии и докторат;
- Најмалку 5 години работно искуство во областа на спречувањето на корупција, јавната администрација, локална самоуправа, јавни претпријатија како и издадени научни или стручни трудови од овие области;
- Искуство во консултации и работа со владини институции, меѓународни организации, единици на локална самоуправа итн.
- Силни истражувачки и аналитички вештини.

Начин на пријавување: Се доставува пријава која вклучува биографија со која се докажува исполнување на условите и се доставува финансиска понуда изразена во денари.

Писмото за пријава се доставува најдоцна до **31.03.2023 година** на следната електронска пошта: isie@mail.org

Датум на објава на оглас: 23.03.2023 г.